Врз основа на одредбите од Статутот на Друштвото за филмски работници на Македонија Скопје, Собранието на Друштвото на 14.02.2020 година го донесе следниот:

# ПРАВИЛНИК ЗА РАБОТА НА ИНТЕРНАЦИОНАЛНИОТ ФЕСТИВАЛ НА ФИЛМСКА КАМЕРА “БРАЌА МАНАКИ”

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се уредуваат надлежностите, местото на одржување, органите, финансирањето и други прашања поврзани со работата на Интернационалниот фестивал на филмска камера “Браќа Манаки”.

**Член 2**

Друштвото за филмски работници на Македонија е основач и организатор на Интернационалниот фестивалот на филмската камера “Браќа Манаки” (во натамошниот текст: Фестивалот).

Фестивалот е прв и единствен светски признат фестивал на филмска камера во Република Македонија кој е од особено значење за промовирање на филмската уметност и развој на културната политика на Република Македонија.

## II. ОДРЖУВАЊЕ НА ФЕСТИВАЛОТ

**Член 3**

Фестивалот се одржува во градот Битола.

**Член 4**

Во случај на виша сила или неможност да се организира во Битола, Управниот одбор на Друштвото може да донесе одлука за одржување во друг град.

Одлуката за промена на градот Управниот одбор ја донесува со 2/3 мнозинството на гласови.

**Член 5**

Фестивалот се одржува секоја година во втората половина на месец септември и трае не помалку од 5 (пет) не повеќе од 8 (осум) денови. Точниот термин за одржување на Фестивалот се објавува најдоцна до 31 јануари тековната година.

**Член 6**

Во случај на виша сила и неможност да се реализира програмата во предвидените денови и датум, Управниот одбор на Друштвото може да донесе одлука за промена на истите.

Одлука за промена на датумот и деновите на одржување ја носи Управниот одбор со 2/3 мнозинство на гласови.

# III. ПРОГРАМА НА ФЕСТИВАЛОТ

## III.1. ОФИЦИЈАЛНА ПРОГРАМА НА ФЕСТИВАЛОТ

**Член 7**

Официјалната програма на Фестивалот е составена од:

- Главна програма “Камера 300”
- Програма на краток филм
- Програма на документарен филм

Во согласност со усвоената годишна или повеќе годишна програма, на Фестивалот може да се организираат и други програми од ревијален карактер.

**Член 8**

Филмовите за Официјалната програма на Фестивалот се пријавуват по пат на апликација.

**Член 9**

Главната програма е составена од минимум 12 (дванаесет), односно максимум 14 (четиринаесет) долгометражни играни филмови.

**Член 10**

Програмата на документарен филм се состои од минимум 6 (шест), односно максимум 18 (осумнаесет) документарни филмови, без разлика на времетраењето на истите.

**Член 11**

Програмата на краток филм се состои од минимум 12, односно максимум 14 кратки филмови со времетраење не подолго од 25 (дваесет и пет) минути.

**Член 12**

Филмовите во Главната програма се селектираат од аспект на вреднување работата на кинематограферите и треба да ја истакнуваат визуелната компонента на филмот. Филмот селектиран во Официјалната програма треба да ги исполнува следниве критериуми:

- премиерно да се прикажува во Република Македонија;
- да не е постар од 2 (две) години;
- да ги исполнува техничките спецификации на Фестивалот.
-

## III.2. НАГРАДИ НА ФЕСТИВАЛОТ

**Член 13**

Официјални награди на Фестивалот што се доделуваат во главната програма се:

- “Златна камера 300”
- “Сребрена камера 300”
- “Бронзена камера 300”

**Член 14**

Официјална награда на Фестивалот што се доделува за работата на кинематограферот во програма на краток филм е:

- "Мала камера 300"

**Член 15**

Официјална награда на Фестивалот што се доделува за најдобар филм во документарната програма е:

- "Мала камера 300"

**Член 16**

Почесни награди на Фестивалот се:

- Награда за животно дело "Златна камера 300" која се доделува на заслужен кинематографер за особен придонес во светската филмска уметност;
- Специјална награда "Златна камера 300" која се доделува на истакнат автор од светската филмска уметност;

Почесните награди ги одобрува Управниот одбор на предлог на Директорот на Фестивалот. Управниот одбор на предлог на Директорот на Фестивалот може да донесе одлука за доделување и на други награди.

## III.3. ЖИРИ НА ФЕСТИВАЛОТ

**Член 17**

Интернационалното жири на Фестивалот за главната програма "Камера 300" е составено од 5 (пет) членови според следните критериуми:

- најмалку два члена треба да бидат кинематографери од кој едниот се назначува за претседател на жирито по можност добитникот на наградата "Златна камера 300" за животно дело;
- останатите членови може да бидат други филмски автори и професионалци од областа на културата и уметноста;
- најмалку еден член од жирито мора да биде од Македонија.

Интернационалното жири ги доделува наградите во главната програма и во програмата на краток филм.

**Член 18**

Интернационалното жири на Фестивалот за програма на документарен филм е составено од 3 (три) до 5 (пет) членови и ја доделува наградата за најдобар филм.

**Член 19**

Сите награди во Официјалната програма задолжително мора да се доделат.

# IV. ОРГАНИ НА ФЕСТИВАЛОТ

## IV.1. ДИРЕКТОР НА ФЕСТИВАЛОТ

**Член 20**

Со Фестивалот раководи Директор.

Директорот е должен да го штити и афирмира угледот на Друштвото и афирмативно да го претставува Друштвото на сите медиумски настапи.

Директорот е должен во сите промотивни материјали електронски и/или печатени и на сите пресови, конференции и слично, на кои настапува во име на Фестивалот, да го истакнува Друштвото со зборови и лого на видливо место, како основач и организатор на Интернационалниот фестивал на филмска камера „Браќа Манаки“.

**Член 21**

Собранието на Друштвото го избира и разрешува Директорот на Фестивалот.

Директор на Фестивалот се избира од редот на редовните членови на Друштвото или докажан и афирмиран професионалец од областа на уметноста, културата или друга јавна сфера.

Постапката за избирање на Директорот на Фестивалот е иста како постапката за избирање на Претседател на Друштвото.

Директорот на Фестивалот потпишува договор со Претседателот на Собранието.

**Член 22**

Критериуми за избор на Директор на фестивалот се:

- да има високо образование;
- да има менаџерски и лидерски способност.и искуство;
- да има комуникациски, организациски и аналитични вештини, способност за тимска работа и професионално однесување;
- да има познавање и искуство во следење на светската филмска продукција и филмските фестивали од висока категорија.

**Член 23**

Директорот ги има следните надлежности:

- Предлага годишна и повеќе годишна програма и буџет на Фестивалот;
- Предлага акционен план за реализација на програмата и буџетот и ги доставува на разгледување до Управниот одбор пред да пристапи кон нивна реализација.
- Со програмата и акциониот план директорот е должен да достави и концептот/сценариото на отварање и затварање на фестивалот.
- Предлог Буџетот задолжително треба да ја содржи табелата на трошоци која во вид на образец ја донесува Управниот одбор.

- За секоја промена во Програмата и буџетот или ставките (распределбата на средствата) во истиот, Управниот одбор мора да биде известен, неподоцна од 10 јуни.
- Доколку Управниот одбор не се согласува со програмата и/или акциониот план должен е своето мислење да го достави до Советот на фестивалот, а доколку не се согласува со буџетот или предложената промена во истиот должен е да свика седница на Собрание и да ги извести за истото;
- Да се грижи за доследно спроведување на програмата и програмските цели на Фестивалот;
- Да организира и остварува средби со реномирани филмски уметници со цел нивно поканување на Фестивалот;
- Да ги следи новите филмски изданија по тековните фестивали во Европа и светот;
- Да остварува и одржува контакт со европски и светски филмски фондови со цел нивна покана на Фестивалот;
- Да обезбеди учество на најмалку еден светски познат и реномиран гостин;
- Да го промовира Фестивалот преку маркетинг кампањи и прес конференции со обврска најмалку 30 дена пред негово одржување да ги истакне рекламите на билборди, дневни весници, социјални медиуми и прикажување на телевизиски емисии;
- Да организира работилници на Фестивалот;
- Да го промовира македонското филмско творештво;
- Да промовира македонски филмски автори;
- Избира тим на соработници ангажирани на Фестивалот првенствено од членови на Друштвото и склучува договори со нив. Договорот мора да содржи јасни и прецизни обврски на ангажираното лице и задолжителна обврска за доставување на месечни извештаи од негова страна за реализација на договорот
- Донесува одлуки по сите прашања кои се однесуваат на програмските цели на Фестивалот, освен за работи за кои е потребно одобрение од Претседателот на Собранието или Управниот одбор;
- Поднесува наративен и финансиски извештај пред Собранието на Друштвото не подоцна од 2 месеци од одржување на Фестивалот, кој претходно го разгледува Управниот одбор. Во финансискиот извештај задолжително треба да бидат содржани во прилог и сите склучени договори и извештаите за нивната реализација.

**Член 24**

Директорот на Фестивалот за својата работа одговара пред Собранието на Друштвото.

Директорот на Фестивалот одговара лично и неограничено за штетата на Друштвото предизвикана од неговата работа, ако таа е предизвикана со грубо невнимание или со намера да се предизвика штета, за постигнување на свои лични цели и интереси, освен во случаите кога за одлуката е потребно одобрение од друг орган на Друштвото.

Доколку Управниот одбор утврди непостапување на Директорот согласно Статутот, Правилниците, Договорот и другите интерни акти и одлуки на Друштвото, истиот е должен писмено да го извести Директорот, а доколку оцени дека е потребно преземање и на други мерки Управниот одбор е должен во најбрз можен рок да закаже седница на Собрание и да ги извести за истото.

**Член 25**

Директорот на Фестивалот може да биде разрешен во секое време во случај на:

- на сопствено барање;
- поради смрт или трајна спреченост;
- неисполнување на своите обврски и работни задачи предвидени во Статутот, Правилниците, Договорот и другите интерни акти и одлуки на Друштвото;
- нанесување на штета на Друштвото;
- престанок на Фестивалот;
- не усвојување на финансискиот и наративниот извештај за Фестивалот.

Доколку финансискиот извештај не ги содржи сите потребни елементи и документи, истото претставува основ за разрешување на директорот и основ за побарување на надомест на штета за секој исплатен износ без договор или без извештај за сработеното по истиот.

Недоставување на финансиски извештај и по опомена доставена од Управниот одбор е основ за побарување на целиот надоместок искористен од страна на Директорот.

## IV.2. СЕЛЕКТОР НА ГЛАВНА ПРОГРАМА

**Член 26**

Фестивалот може да има еден или два селектори на главната програма, за што одлучува Управниот одбор на Друштвото.

Селектор на главна програма) е надлежен да го врши изборот на филмови во главната програма во согласност со Директорот на фестивалот и други селекции по потреба и налог на Директорот на Фестивалот.

Селекторот на главната програма е должен да го штити и афирмира угледот на Друштвото и афирмативно да го претставува на сите медиумски настапи како Селектор на Фестивалот.

**Член 27**

Управниот одбор го избира и разрешува Селекторот на главната програма.

Селекторот на главната програма се избира со мандат од 2 години со право на повторен избор.

**Член 28**

За Селектор на главната програма на Фестивалот може да аплицираат членови на Друштвото и други истакнати, докажани филмски професионалци, повеќегодишни критичари, теоретичари на филмот како домашни така и странски граѓани кои ги исполнуваат критериумите наведени во член 29 од овој Правилник.

**Член 29**

Условите за избор на Селекторот на главната програма се:

- да има високо образование;
- истакнат и докажан познавач на светски филм;
- повеќегодишно искуство и следење на светските филмски фестивали;
- познавање на најмалку еден светски јазик;
- да има објавувано критики, расправи, теории за филм;
- да има способности за комуникации, поготово со дистрибутери, директори и селектори од други фестивали;
- активно и препознатливо учество во филмската област

**Член 30**

Селекторот на главната програма_за својата работа одговара пред Директорот на Фестивалот и Управниот одбор на Друштвото.

**Член 31**

Селекторот на главната програма може да биде разрешен во секое време во случај на:

- на сопствено барање;
- поради смрт или трајна спреченост;
- неисполнување на своите обврски и работни задачи;
- нанесување на штета на Друштвото;
- престанок на Фестивалот.

## IV.3. СОВЕТ НА ФЕСТИВАЛОТ

**Член 32**

Претседателот на Друштвото на филмски работници на Македонија е Претседател на Советот на Фестивалот.

**Член 33**

Советот на Фестивалот се состои од најмалку седум членови.

Редовни членови на Советот покрај Претседателот на Друштвото на филмски работници на Македонија се преставник од градот Битола, претставници на спонзорите/партнерите на Фестивалот, истакнати филмски продуценти и автори, додека останатите членови се избираат на предлог на Управниот одбор на Друштвото и Директорот на Фестивалот.

Мандатот на членовите изнесува 1 (една) години, со можност за повторен избор.

**Член 34**

Надлежности на Советот на Фестивалот се:

- разгледување и усвојување на програмата на Фестивалот;
- помага со совети и сугестии за реализација на Фестивалот.

## IV.3.1 СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ НА ФЕСТИВАЛОТ

**Член 35**

Со седницата на Советот на Фестивалот раководи Претседателот.

Советот на Фестивалот се состанува најмалку 2 (два) пати во годината, а по потреба може и повеќе пати.

**Член 36**

Во отсуство на Претседателот, со седницата раководи членот на Советот на Фестивалот кој се избира со мнозинство гласови од присутните членови на седницата.

**Член 37**

Седница на Советот може да биде одржана со присуство и право на гласање на членовите и преку телефонска конференциска врска.

**Член 38**

Седниците на Советот на Фестивалот се одржуваат во просториите на Друштвото за филмски работници на Македонија или во друга претходно обезбедена просторија од страна на Претседателот на Советот, а за што членовите на Советот на Фестивалот ќе бидат известени најмалку 5 (пет) дена пред одржувањето на седницата.

**Член 39**

Седниците на Советот на Фестивалот ги подготвува Претседателот на Советот и Директорот на Фестивалот во соработка со Уметничкиот директор на Фестивалот.

Подготовката опфаќа:

- Утврдување на дневен ред;
- Подготвување на писмени материјали на седниците.

**Член 40**

Седниците на Советот на Фестивалот полноважно одлучува ако се присутни над 50% од неговите членови.

Седниците на Советот на Фестивалот одлуките ги донесува со мнозинство на гласови од присутните членови.

**Член 41**

Гласањето на седниците е јавно, освен ако Седницата на Советот на Фестивалот не одлучи по одделни прашања гласањето да биде тајно.

Одлуката за тајно гласање се носи со јавно гласање.

**Член 42**

Секој член има право на еден глас.

**Член 43**

За работата на Советот на Фестивалот се води писмен записник кој се чува во Стручната служба на Друштвото.

### IV.3.2 ТЕК НА СЕДНИЦА

**Член 44**

Претседателот на Советот на Фестивалот односно лицето кое претседава со седницата го известува Советот кои членови го најавиле своето отсуство.

За присутноста на членовите на седницата на Советот на Фестивалот се води евиденција. Евиденцијата ја води назначено лице кое е вработено во Стручната служба на Друштвото.

**Член 45**

Ако на почетокот на седницата се утврди дека не постои кворум, седницата се одложува за одредено време со истиот дневен ред, или ако во текот на траењето на седницата се утврди дека нема кворум истата се прекинува и презакажува за одредено време, ден и час, по истиот дневен ред.

**Член 46**

Лицето кое претседава со седницата на учесниците во расправата им дава збор по редослед на пријавувањето.

За забелешките се дискутира и се решава на тековната седница.

**Член 47**

За одржување на редот на седницата се грижи лицето кое ја води седницата.

### IV.3.3 РАЗРЕШУВАЊЕ НА ЧЛЕН НА СОВЕТ НА ФЕСТИВАЛОТ

**Член 48**

Член на Советот на Фестивалот може да биде разрешен во секое време во случај на:

- сопствено барање;
- поради смрт или трајна спреченост;
- неисполнување на своите обврски и работни задачи;
- нанесување на штета на Друштвото;
- престанок на Фестивалот.

## V. ФИНАНСИРАЊЕ НА ФЕСТИВАЛОТ

**Член 49**

Финансирањето на Фестивалот се врши од:

- Министерство за култура за одобрен проект согласно распишан конкурс;
- единиците на локалната самоуправа за проекти кои се однесуваат на развој на филмската дејност на локално ниво;
- средства од Агенцијата на филм на Република Македонија;
- спонзорства ;
- меѓународни програми кои се однесуваат на филмската индустрија;
- други извори на кои Фестивалот има законско право да аплицира.

## VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 50**

Постапката за измена и дополнување на овој Правилник е иста како постапката за негово донесување.

**Член 51**

Овој Правилник стапува на сила на денот на неговото донесување.

**Претседател на Собрание,**

**Игор Иванов**